Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
KËSHILLI GJYQËSOR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Ул. "Македонија"бр.5, 1000 Скопје | тел.02/3218 130 факс.02/3218 131 | contact@ssrm.mk
Rr. "Makedonija" nr.5, 1000 Shkup | tel.02/3218 130 faksi.02/3218 131 | contact@ssrm.mk

Бр. 09-1208/25
09-05-2025 2025 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на членот 41 став 1, член 45 и член 46 ст.1 т.5 од Законот за судовите („Службен весник на РМ" бр.58/06, 35/08, 1650/10, 83/18 и 198/18 и "Службен весник на РСМ" бр.96/19), член 48 и член 49 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија ("Службен весник на РСМ" бр.102/19) Судскиот совет на Република Северна Македонија на седницата одржана на ден 30.04.2025 година донесе:

# ОДЛУКА
## за избор на судија на Врховниот суд на Република Северна Македонија

За судија на Врховниот суд на Република Северна Македонија, за кривична област е избрана Татјана Дуковска.

Одлуката се објавува на веб-страницата на Советот, а по правосилноста и во "Службен весник на Република Северна Македонија ".

## Образложение

Судскиот совет на Република Северна Македонија согласно одлука бр 09-2470/3 од 15.12.2023 година, објави оглас бр 09-2470/1 од 12.12.2023 година за избор на судии на Врховниот суд на Република Северна Македонија и тоа 3 судии за граѓанска област и 3 судии за кривична област ( "Службен весник на РСМ" бр. 270/2023 од 19.12.2023 година).

На објавениот оглас за избор на 3 судии на Врховниот суд на Република Северна Македонија за кривична област се пријавија 3 кандидати со уредна документација и кои ги исполнуваат условите согласно законот.

Советот формираше Комисија која спроведе постапка за рангирање на кандидатите, состави ранг-листа на кандидатите по огласот на која кандидатот е рангиран на 2 место со 71 бод.

На седницата одржана на ден 30.04.2025 година секој член на Советот го образложи својот начин на гласање за кандидатот и кандидатот Татјана Дуковска го доби потребното мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот, со право на глас.

Согласно на член 45 од Законот за судовите, кандидатот ги исполнува општите услови за избор на судија, со положен тест на интегритет и тест на компјутери.

Согласно на членот 46 ст.1 т 5 од Законот за судовите, кандидатот Татјана Дуковска има судиски стаж од најмалку 6 години како судија на Апелационен суд Скопје сметано од 17.02.2010 година, оценет со позитивна оцена од Судскиот совет, со што ги исполнува и посебните услови за избор на судија на Врховен суд на Република Северна Македонија.

Согласно горенаведеното, Судскиот совет на Република Северна Македонија на седницата одржана на ден 30.04.2025 година донесе одлука за избор со која за судија на Врховниот суд на Република Северна Македонија за граѓанска област е избрана Татјана Дуковска.

**СУДСКИ СОВЕТ НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
м-р Александар Камбовски

**Изготвил:** м-р Викторија Аврамовска Мадиќ, државен советник
**Одобрил:** Јулијана Георгиевска, Генерален секретар